# ВОДИЧ

## на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите



ХОРИЗОНТАЛЕН ИНСТРУМЕНТ
ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН И ТУРЦИЈА 2019-2022

Подготвени од:
Проф. д-р Катарине Сарикакис
Експертка на Советот на Европа

Слобода на изразување и
слобода на медиумите

http://horizontal-facility-eu.coe.int

Финансирано
од Европската Унија и
Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано
од Советот на Европа

Водич на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за мониторинг на примената на стандардите за известување за случаи на родово засновано насилство во медиумите

Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022

Проект „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија“

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија и Советот на Европа. Ставовите што се изнесени овде нужно не ги одразуваат ставовите на која било од овие две организации.

Репродуцирањето на извадоци (до 500 зборови) е дозволено, освен кога е за комерцијални цели, сè додека се внимава да се зачува интегритетот на текстот, извадокот да не се користи вон контекст, да не дава нецелосни информации или на друг начин да го наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот и содржината на текстот. „© Совет на Европа, година на објавување“. Сите други барања поврзани со репродукција/превод на цел или дел од документот треба да се упатат на Директоратот за комуникации, Совет на Европа (Directorate of Communications, Council of Europe, F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Насловна фотографија: Shutterstock

© Совет на Европа, јуни 2021 година. Сите права се задржани. Европската Унија има право на користење под одредени услови.

**КРАТЕНКИ**

| | |
|---|---|
| *ДАВМУ* | *Директива за аудиовизуелни медиумски услуги* |
| *СЕ* | *Совет на Европа* |
| *ЕУ* | *Европска Унија* |
| *МФН* | *Меѓународна федерација на новинари* |
| *ОБСЕ* | *Организација за безбедност и соработка во Европа* |
| *АТП* | *Агенција за темелни права* |
| *РЗН* | *Родово засновано насилство* |
| *СЗО* | *Светска здравствена организација* |

## Табели

Табела 1: Општоприфатени саморегулаторни принципи....13
Табела 2: Општоприфатени регулаторни цели во медиумско известување ....20
Табела 3: Општоутврдени постојани лоши практики во медиумите при известување за насилство врз жените ....21
Табела 4: Општоприфатени принципи на добри практики во медиуми при известување за РЗН...... ....26

# Содржина


**Кратенки** ..... **3**

**Табели** ..... **4**

**1. Вовед** ..... **7**

**2. Регулаторни цели** ..... **8**

**3. Преглед на релевантни регулаторни одредби** ..... **9**

3.1. Вовед ..... 9

3.2. Саморегулација ..... 11

3.2.1. Саморегулација на новинари: општи принципи ..... 11

3.2.2. II. Саморегулација на онлајн новинарство ..... 12

3.2.3. III. Саморегулација што се придржува до глобалната новинарска етика ..... 13

3.3. Регулаторни одредби ..... 13

3.3.1. Правото на Европска Унија ..... 13

3.3.2. Повелба за основните права на ЕУ ..... 15

3.3.3. Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи – ЕКЧП 1950 год. ..... 15

3.3.4. Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција) ..... 16

3.3.5. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ..... 18

3.3.6. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство ..... 19

**4. Карактеристики на мониторингот** ..... **20**

4.1. Вовед ..... 20

4.2. Препорака како да се пристапи во процесот на мониторинг ..... 21

4.2.1. Прелиминарен преглед на сторијата ..... 21

4.2.2. Генерички насочени прашања ..... 22

4.2.3. Генерички прашања во контекст на сторијата/предметот ..... 22

4.2.4. Конкретни прашања за содржината на сторијата/предметот ..... 23

4.2.5. Конкретни комуникативни алатки во известувањето ..... 24

**5. Добри практики во известување** ..... **25**

**6. Коментари** ..... **27**

**7. Поимник** ..... **28**

**8. Библиографија** ..... **28**

# 1. ВОВЕД

Намената и функцијата на овој пакет насоки за мониторинг на медиумскиот регулатор е да даде јасни стандарди и критериуми насочени кон оценување дадена содржина при известување околу родово засновано насилство. Целта е да се обезбеди транспарентност и јасност во развивањето пат преку кој може да се одвива стандардизација на проценката. Категориите на насилство, како и примерите, не се исцрпни, но претставуваат одредени клучни показатели во согласност со меѓународни инструменти за поддршка како што се оние од УНЕСКО, ЕУ и други што ги пренесуваат истите клучни начела на регулација во борбата против родово засновано насилство.

Водичот е организиран во следните делови: утврдување на регулаторните цели, а со тоа и опсежните начела како основа на Водичот; установување на причината за постоење на потребата од овој Водич; и објаснување на критериумите за проценка на содржината преку главните прашања што треба да ги одговори, односно утврди регулаторот. Прашањата се засноваат на регулаторни начела (односно намерата на законските и политичките одредби) и посебните одредби како што се опишани во конкретни законски документи. Конечно, документот дава насоки за посакуваните добри практики како контраст помеѓу конкретниот текст во кое било време и квалитетот на известување што го бара регулаторот, согласно стандардите за добри практики и регулација во чиј центар се човековите права.

Водичот се заснова на размислувања и дискусии од работилница околу начините преку кои може ефективно да се следи улогата на медиумите во спречување и борба против насилство врз жените. Експертката на Советот на Европа Катарине Сарикакис ја водеше и модерираше Работилницата за регулаторното тело за медиуми и саморегулаторното тело за етика во медиумите за регулација, саморегулација и мониторинг на примената на стандардите за известување во случаите на родово засновано насилство во медиумите. Работата се состоеше од шест дела:

1. Контекст на родово засновано насилство (РЗН) и насилство врз жени;
2. Разбивање на митови и преглед на точна терминологија;
3. Национални и глобални инструменти во справувањето со РЗН;
4. Улогата на медиумите во спречување на насилство и нивната улога во јакнење на културолошката основа во нормализација на насилството;
5. Области и алатки за сензитивно известување за РЗН и етика на известување;
6. Алатки и клучни прашања во мониторинг на етички стандарди и нивна примена во медиумското известување.

Во текот на сесиите на работилницата беа споделени конкретни искуства и дискусии поврзани со Северна Македонија во споредба со други европски земји.

Покрај тоа, важно е да се забележи контекстот поврзан со моменталниот број на жртви и лица кои преживеале злоупотреба како и состојбата со жените во Европа кои се соочиле со насилство. Насилството врз жените е сè уште една од клучните пречки во постигнувањето родова еднаквост и претставува кршење на човековите права.

На европско ниво, една од пет жени преживуваат насилство со интимен партнер, додека една од четири жени е нападната со не-смртен исход; една од две е сексуално малтретирана во ЕУ-28; а една од пет жени била цел на демнење според студија на Агенцијата за темелни права (АТП

2014 год). Покрај тоа, најмалку 5400 жени на возраст од 15 до 49 години во европскиот регион на СЗО го изгубиле животот како резултат на РЗН; две од пет жени биле убиени од нивните тековни или поранешни партнери (СЗО, 2017 год).

Статистиката во Република Северна Македонија е исто така загрижувачка: извештај на ОБСЕ од 2018 година покажа дека 14% од жените преживеале насилство уште од 15-годишна возраст[1]; 44% од жените преживеале психолошко насилство; 30% од жените биле сексуално малтретирани уште од 15-годишна возраст . Сепак, овие бројки мора да се земат со резерва бидејќи најверојатно ја одразуваат културолошката пристрасност кон тврдењата на жените и улогата на жените во општеството. За почеток, важно е да се разбере ова и да се цени дека овие бројки одразуваат појава на помалку пријавени случаи, што значи дека РЗН е повеќе раширено.

Понатаму, постои потреба од користење соодветна терминологија што треба да биде во согласност со Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, позната како Истанбулска конвенција[2] и да се посочат различните форми и изрази на насилство. Ова вклучува не само физичко и видливо насилство, туку и други форми како што се психолошко насилство, говор на омраза и демнење. Посебно кога се работи за медиуми и комуникации, претставите на насилство и нивниот третман мора да ги земе в предвид сите тие форми.

## 2. Регулаторни цели

Зголеменото внимание кон изворите, процесите и влијанието на родовата дискриминација како културолошка, општествена, политичка и економска појава предизвикува значителни регулаторни реакции на глобално ниво. Како дел од сеопфатниот пристап во борбата против родово насилство врз жените, медиумите се утврдени како еден од клучните чинители во нивната потенцијална улога на спречување насилство врз жените, како и во нивната улога во едукацијата и зголемување на свеста. Покрај тоа, на нив истовремено се гледа како на извори на културолошко јакнење на дискриминирачки и штетни ставови кон жените преку неодговорно или сексистичко известување. Борбата против родовото насилство врз жените е задача што треба да се преземе низ повеќе сектори и политики.

Затоа, кога се работи за мерки во конкретното поле на медиумска регулација, политичките иницијативи вклучуваат:

а. меки политики со посебно внимание врз саморегулација и етика што се дизајнирани и усогласени од релевантни чинители, и
б. регулаторни одредби вградени во националното законодавство и усогласени со европските и меѓународните закони и договори.

Овие две форми на политики имаат за цел да обезбедат пристап од повеќе гледишта, особено врз регулацијата на содржините, што претставува гаранција за слободата на изразување која е заштитена преку меѓународните инструменти и националното законодавство. Затоа е многу важно да бидат земени предвид и двете политички димензии, заради мониторинг на информативната содржина и известување, а преку тоа и општествено-едуцирање на

1 ОБСЕ, 2019 год.

2 Совет на Европа, 2011 год.

чинителите вклучени во производството на вести и ширење на информации поврзани со родово насилство врз жените.

Покрај прашањата на структурно усогласување со целите на Истанбулската конвенција, клучно е да се препознае и да се помогне промената во ставовите и практики во однос на„креаторите на значење" во нашите општества, медиумите во сите нивни форми. Улогата на културолошките и симболичните подрачја на јазик, застапување и дебата ги јакнат, легитимираат, нормализираат и ги оправдуваат сексистичките гледишта за жените. Симболичниот свет на креирање значење заемно делува во континуум со физичкиот и структурниот свет: идеите и нормите што се доминантни и прифатени во едно општество создаваат почва за физички и психолошки форми на насилство. Медиумите и институциите од културата се двигатели на идеите и дебатите во нашите општества. Така, целта на општествената промена согласно заштитата на човековите права мора да подразбира фокус на сите форми на медиуми

Заедничките регулаторни цели на европските и меѓународните закони во областа на борба против насилство врз жените може да се опише на следниот начин:

- Спречување дискриминација и насилство врз жени и девојки,
- Заштита на жени од насилство,
- Оспорување на стереотипи што ја нагласуваат културолошката нормализација на насилството врз жените,
- Унапредување на сфаќањето и јакнење на свеста дека насилството врз жените претставува прекршување на човековите права на жените,
- Спречување на секундарна виктимизација,
- Заштита од дискриминација,
- Водење политики за борба против насилство врз жени преку интегрирани политики согласно Истанбулската конвенција.

Така, регулаторните цели на недискриминација, спречување и заштита од насилство исто така треба да се *исполнат* на културолошко и структурно општествено ниво. Медиумското известување е составен дел и од „градењето" на културолошките разбирања за жените и РЗН, како и од улогата на промовирање на структурно и институционално значење поврзано со политиките на борба против РЗН (не само случаи на насилство туку и одговорот на институциите како што се полицијата, судовите, државата итн.). Превентивната функција на медиумите како едукатори и културолошки „раскажувачи", како и нивната улога во заштитата од насилство преку помагање во јакнење на свеста со сензибилизирано и етичко известување се начелата врз кои се потпира предметот на овој Водич за мониторинг.

# 3. Преглед на релевантни регулаторни одредби

## 3.1.Вовед

Целта на овој дел е да даде краток но што е можно посеопфатен преглед на регулаторната средина поврзана со известување околу родово засновано насилство.

Постојат две важни димензии во рамките на овој процес: прво, саморегулаторните аспекти се важни поради тоа што тие претставуваат дел од системот на медиумско владеење во национален (и меѓународен) контекст и се сметаат како дел од регулацијата за демократски

медиуми врз основа на одговорност и транспарентност. Саморегулацијата не се смета како работа на избор туку како задолжително придржување до општоприфатени правила од страна на професионалци, т.е. новинари и медиумски куќи каде било и во каков било медиум да известуваат.

Второ, регулаторните одредби се состојат од технички барања како и од намерата на законодавецот и духот на политиката. Оттука, иако регулаторните параграфи поврзани со улогата на медиумите може да се најдат на малку места во ДАВМУ, Истанбулската конвенција и националниот закон, одредбите тука исто така се однесуваат и на средината во која медиумите се повикани да функционираат, а оттука и духот на релевантното законодавство. Затоа, ова значи дека кога се донесуваат одлуки за усогласеноста на медиумските содржини со очекуваните стандарди на заедницата и политиката, бараните критериуми може да се најдат не само во техничките аспекти на законот туку и во суштината и намерата на релевантниот закон и политика.

Така, иако е јасно дека медиумите се сметаат за важни партнери во борбата против насилство врз жените, потребно е да се вградат начелата и законските концептуални алатки врз кои се потпира Истанбулската конвенција како моментално најсеопфатниот законски документ во систем на известување и мониторинг на известувањето. Поширoката културолошка, политичка, општествена и економска средина во која се извршува известувањето мора целосно да биде поврзана со прилозите што ги анализира регулаторот. Затоа, поширокиот регулаторен контекст на начелата нуди голем и транспарентен кодекс според кој може да се направи веродостојна оценка на известувањето.

Искуството на националните пристапи низ Европа покажува некои тенденции што се вредни за споменување. На глобално ниво, 155 земји имаат донесено закони против РЗН. Во регионот на Европа, Советот на Европа има изработено стандарди што се однесуваат на сексистички говор на омраза, како што е Препораката CM/Rec(2013)[3] за родова еднаквост и медиумите; CM/Rec(2016)[4] за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите; Стратегијата за интернет владеење CM(2016)[5] што изискува мониторинг активности; Стратегијата за правата на детето 2016-2021[6] каде главен приоритет е живот без насилство. Исто така, Европската комисија за првпат го вклучува сексистичкиот говор како говор на омраза во Препораката за општи политика бр.15 од 2015[7] год. за борба против говор на омраза. Конечно, ДАВМУ и Членот 6 дозволуваат забрана на содржини што ги прекршуваат законите за дискриминација, вклучително и врз основа на пол.

И покрај зголемените и свесни напори на ниво на политики, набљудувачите тврдат дека законодавството на ниво на ЕУ е сè уште незадоволително. Сепак треба да се истакнат некои тенденции:

- Законодавство за насилството врз жените *беше донесено во неколку области*, како што се домашно и семејно право; закон за вработување; одредби за еднаквост;
- *Ниту една регулатива* посветена на медиумите не го вклучи конкретно РЗН;

3 CoE CM 2013
4 CoE CM 2016a
5 CoE CM 2016b
6 CoE 2016c
7 CoE 2016d

- Постои европска регулатива поврзана со говор на омраза но таа нееднакво се применува. *Сексистичкиот говор* е во моментов прифатен од страна на германските судови како нов момент;
- *Саморегулацијата* во форма на алатки и кодекси на однесување е во пораст. Новинарите и професионалните новинарски здруженија и советите за етика во медиумите ги креираат алатките што произлегуваат од меѓународни организации и кодексите на однесување;
- Се зајакнуваат *обуката* и развивањето на системи за *мониторинг*, како што се функциите на народниот правобранител;
- Се склучуваат соработки и хоризонтални проекти.

## 3.2. Саморегулација

Кодексот на новинарите[8] претставува моралната рамка во рамките на која се очекува да работат новинарите во земјата. Од новинарите се очекува да го почитуваат Кодексот како и пакетот на Насоки за етичко известување на онлајн медиумите што конкретно ги засегаат тенденциите на онлајн новинарството. Покрај тоа, Советот за етика во земјата се придржува до етичкиот кодекс на Меѓународната федерација на новинари.

Следуваат правилата што го одредуваат начинот на кој мора да работат новинарите и ја даваат очекуваната и бараната новинарска култура во една демократска земја.

### *3.2.1.Саморегулација на новинари: општи принципи*

Согласно Декларацијата за принципи во Кодексот на новинарите, Советот за етика во медиумите во Република Северна Македонија цитира:

> *„Следејќи ја својата улога во градењето на демократијата и на цивилното општество, новинарите ќе ги бранат човековите права, достоинството и слободата, ќе го почитуваат плурализмот на идеите и ставовите, ќе придонесуваат за јакнење на правната држава и во контролата на власта и на другите субјекти од јавниот живот."*

Следните ставови конкретно упатуваат на прашања поврзани со човекови права и достоинство, урамнотежено и не-стереотипно известување, прашања поврзани со насилство и заштита на ранливи поединци како што се деца, и прашања поврзани со говор на омраза:

*"Ставови"*

5. *Новинарот ќе ги почитува законите во државата, но нема да објави или сокрие ништо што е во спротивност со јавниот интерес.*
10. *Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).*
11. *Новинарот ќе се придржува и на општо прифатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.*

8 Кодекс на новинарите, https://znm.org.mk/en/code-of-ethics-of-journalists/

### 3.2.2 II. Саморегулација на онлајн новинарство

Според Насоките за етичко известување на онлајн медиуми (што претставува дополнителна надградба и содржи објаснувања на одредбите од Кодексот на новинари во онлајн сферата) на Советот за етика во медиумите во Македонија:

*Article 7*
*7.1. Темите кои се однесуваат на лични трагедии секогаш ќе бидат внимателно обработувани, а на лицата погодени од трагедијата ќе им се приоѓа со сочувство и дискреција. При известувањето за несреќи, кривични дела, самоубиства или семејно насилство, нема да се објавуваат имиња и фотографии на жртвите. Нема да се објавуваат ниту податоци од кои индиректно би можел да се открие идентитетот на жртвата или сторителот, пред тоа официјално да го соопштат надлежните институции. Имиња и фотографии на исчезнати лица ќе се објавуваат само со дозвола на роднините или на надлежните органи вклучени во потрагата по исчезнатото лице.*

*7.3. Во известувањето за жртви на силување или жртви на сексуално насилство, идентитетот на лицата нема да се открива без согласност на жртвата, а кога станува збор за деца – без дозвола од родителите или старателите и самото дете (имајќи ја предвид возраста на самото дете), доколку постои јавен интерес и е во најдобар интерес на детето. Онлајн медиумот ќе овозможи повлекување на согласноста во секој момент, доколку тоа го побара родителот или старателот.*

*Член 8*
*8.2. Онлајн медиумите ќе бидат особено внимателни при објавувањето снимки од насилство, бруталности или страдања, при што приоритет ќе им биде заштита на достоинството на жртвите и лицата кои се на кој било начин погодени од настаните.*

*8.5. При објавувањето интервјуа или изјави на сторители на насилство и кривични дела онлајн медиумите ќе внимаваат самите да не се доведат во ситуација да ги промовираат нивните идеи, а со тоа да ги охрабрат луѓето да извршат злосторства или да шират говор на омраза. Онлајн медиумите ќе имаат предвид дека интервјуирањето на сторителите може да биде болно за жртвите и нивните семејства.*

*Член 9*
*Новинарот не смее да интервјуира или фотографира деца под 16 години без согласност од родителите или старателите, освен ако тоа не е во согласност со правата на детето. Истото се однесува и за лица со посебни потреби, кои не се во состојба свесно да расудуваат.*

*Член 10*
*10.1. Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

*10.3. Онлајн медиумите ќе се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него. Онлајн медиумите ќе создаваат содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи.*

### *3.2.3. III. Саморегулација што се придржува до глобалната новинарска етика*

Понатаму, според Декларацијата на принципи за однесување на новинарите на МФН, до која се очекува да се придржуваат новинарите во Северна Македонија:

*7. Новинарот треба да биде свесен за опасноста од дискриминација што може да се поткрепи и од медиумите и треба да направи сè за да избегне да ја поткрепи таквата дискриминација, меѓу другото, врз основа на раса, пол, сексуална ориентација, јазик, религија, политичко или друго мислење и национално или социјално потекло.*

| **Општоприфатени саморегулаторни принципи** |
|---|
| Одговорност за известување со почит, особено во однос на одредени прашања како што се насилство, говор на омраза, ранливи групи. |
| Сензитивност за прашања и цели на дискриминација, како што се родови и интерсекциски маркери во известувањето. |
| Одговорност во борбата против кршењето и во заштитата на човековите права. |
| Одговорност да не се поттикнува омраза врз, меѓу другото, основа на пол. |
| Одговорност да не се промовира дискриминација. |
| Одговорност „да не се прави штета" при известувањето. |

*Табела 1: Општоприфатени саморегулатни принципи*

Уредништвата, и со тоа медиумите, ја имаат врвната одговорност да обезбедат придржување до овие кодекси што се засноваат на:

а. општата одговорност за точно известување; и
б. проактивната заштита на човековите вредности и еднаквост преку известување и содржината на известувањето.

## 3.3.Регулаторни одредби

### *3.3.1.Правото на Европска Унија*

Директивата (ЕУ) 2018/1808 на Европскиот парламент и Советот од 14 ноември 2018 година за изменување на Директива 2010/13/ЕУ заради координирање на одредени одредби утврдени со закони, регулативи или административни акти во земјите членки во врска со обезбедувањето аудиовизуелни медиумски услуги (Директива за аудиовизуелни медиумски услуги), поради промена на состојбите на пазарот[9].

Слободниот проток на аудиовизуелни услуги во Европа е исто така предмет на почитување на комуникациите што не поттикнуваат насилство и омраза и предрасуди:

9 https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32018L1808&from=EN

*Член 3*

1. *Земјите членки обезбедуваат слобода на прием и на своите територии не ги ограничуваат реемитувањата на аудиовизуелни медиумски услуги од други земји членки од причини кои се опфатени со областите усогласени со оваа Директива.*
2. *Една држава-членка може привремено да отстапи од став 1 на овој член доколку одредена аудиовизуелна медиумска услуга обезбедена од давател на медиумска услуга под јурисдикција на друга држава-членка очигледно, сериозно и тешко ја крши точка (а) од член 6(1), или член 6а(1), или го доведува во прашање јавното здравје, или претставува сериозен и тежок ризик за доведување во прашање на јавното здравје.*

*[…]*

3. *Една држава-членка може привремено да отстапи од став 1 на овој член доколку одредена аудиовизуелна медиумска услуга обезбедена од давател на медиумска услуга под јурисдикција на друга држава-членка очигледно, сериозно и тешко ја крши точка (б) од член 6(1), или ја доведува во прашање јавната безбедност или претставува сериозен и тежок ризик да ја доведе јавната безбедност во прашање, вклучувајќи ги и заштитата на националната безбедност и одбрана.*

*[…]*

*Член 6*

1. *[…] Земјите членки ќе се погрижат аудиовизуелните комерцијални комуникации што ги обезбедуваат давателите на медиумски услуги под нивна надлежност да се во согласност со следниве барања:*

   *(а) поттикнување на насилство или омраза насочена против група лица или член на група врз основа на која било од основите наведени во член 21 од Повелбата;*

*[…]*

*Член 9*

1. *Земјите членки ќе се погрижат аудиовизуелните комерцијални комуникации што ги обезбедуваат давателите на медиумски услуги под нивна надлежност да се во согласност со следниве барања:*

*[…]*

*(б) аудиовизуелните комерцијални комуникации не смеат:*

- *(i) да го доведуваат во прашање почитувањето на човечкото достоинство;*
- *(ii) да вклучуваат или промовираат каква било форма на дискриминација заснована на пол, расно или етничко потекло, националност, вера или убедување, попреченост, возраст или сексуална ориентација;*
- *(iii) да поттикнуваат однесување кое е штетно за здравјето или безбедноста.*

*[…]*

Согласно Директивата, земјите членки на ЕУ мора да се погрижат аудиовизуелните комерцијални комуникации споделени од страна на давателите на медиумски услуги да не вклучуваат или промовираат каква било дискриминација по неколку основи. Земјите членки на ЕУ мора да се погрижат аудиовизуелните медиумски услуги да не содржат какво било поттикнување на насилство или омраза насочена кон група на лица или член на група по каква било основа наведена во Член 21 од Повелбата за основните права на ЕУ. Во случај на известување и слични програми засновани на факти, комерцијалното пласирање може да се смета како комерцијална комуникација.

Конечно, во рецитал 4 од Директивата се забележува дека поради значителното влијание на социјалните медиуми врз градењето и влијанието врз јавното мислење, овие услуги треба да бидат вклучени во делокругот на Директивата до тој степен до каде ја исполнуваат дефиницијата на услуга на платформа за споделување видеа. На тој начин, за нив би важеле слични правила за заштита од дискриминација и говор на омраза.

### *3.3.2. Повелба за основните права на ЕУ*

*Член 21*

1. *Се забранува секаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја, етничко или социјално потекло, генетски особености, јазик, религија или уверување, политичко или какво било друго мислење, припадност на национално малцинство, сопственост, раѓање, посебни потреби или сексуална ориентација.*
2. *Во рамките на примената на Договорот за основање на Европската заедница и на Договорот за Европската Унија, и во контекст на специјалните одредби на тие договори, забранет е секаков вид на дискриминација врз основа на националност.*

### *3.3.3.Конвенција за заштита на човековите права и основните слободи – ЕКЧП 1950 год*

Член 10 од Европската конвенција за човекови права од 1950 година наведува *„Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите" (Член 10(1)). Сепак, правото на слобода на изразување не е апсолутно право. Неговото остварување носи „обврски и одговорности" и може да биде предмет на ограничувања пропишани со закон, во однос, на пример, на заштитата на угледот и правата на другите (Член 10(2)).*

Член 10 се чита во врска со Член 17 што забранува злоупотреба на правата, на следниот начин:

*"Ниту една одредба од Конвенцијата не може да се толкува на начин според кој, на некоја држава, група или поединец им е дадено право да преземаат активности или постапки со кои се загрозува некое право или слобода што се признати со оваа Конвенција, или да ги ограничуваат овие права и слободи во мерка поголема од онаа предвидена со Конвенцијата".*

Член 14 од ЕКЧП содржи одредба за недискриминација:
*"Уживањето на правата и слободите, признати со оваа Конвенција, треба да се обезбеди без никаква дискриминација заснована врз пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое и да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус".*

Протоколот бр.12 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи вклучува општа забрана за дискриминација. Тековната одредба за недискриминација на ЕКЧП (Член 14) има ограничен опфат бидејќи забранува само дискриминација во уживањето на правата гарантирани со Конвенцијата. Протокол бр.12 го отстранува ова ограничување преку гаранција дека никој нема да биде дискриминиран по кој било основ и од кој било јавен орган.

Правото „на мислење и примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите" не е апсолутно право и може да се применуваат ограничувања за да се заштитат правата на други, како што е правото на слобода од дискриминација (ЕКЧП Член 14). Дефиницијата на говор на омраза што ја користат Советот на Европа и Европскиот суд за човекови права (Судот) вклучува изрази што шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза заснована на нетолеранција. Во постојните предмети Судот го употребува Член 10 во комбинација со Член 17, освен во исклучителни случаи кога може да се повика на заштитата на слободниот говор бидејќи е веднаш јасно дека слободата на изразување не ја отсликува вистинската цел, туку се повикува на таа заштита со цел учество во активности или вршење дела кои целат кон уништување на правата и слободите согласно Конвенцијата, а сè со цел иницирање омраза или насилство[10].

### 3.3.4. Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство (Истанбулска конвенција)

Истанбулската конвенција ја вклучува првата законски-обврзувачка дефиниција за род:
*"Род ги означува општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите".*
ТКонвенцијата ги осудува сите форми на насилство врз жените и содржи четири члена што се особено релевантни за прашањето на сексистички говор на омраза.
Истанбулската конвенција се занимава со поширокиот културолошки контекст и конкретната улога на медиумите на следниот начин:

*Член 12 – Општи обврски*

1. *Страните ги преземаат потребните мерки за промовирање промени во општествените и културните шаблони на однесување на жените и мажите, со цел искоренување на предрасудите, обичаите, традициите и сите други практики кои се засноваат врз идејата за инфериорност на жените или врз стереотипните улоги за жените и мажите.*
2. *Страните ги преземаат потребните законодавни и други мерки за спречување на сите форми на насилство коишто се опфатени со Конвенцијата од страна на кое било физичко или правно лице.*
3. *Сите мерки преземени во согласност со ова поглавје ги земаат предвид и ги третираат специфичните потреби на лицата кои станале ранливи поради определени околности и ги поставуваат човековите права на сите жртви во својот центар.*
4. *Страните ги преземаат потребните мерки за поттикнување на сите членови на општеството, а особено на мажите и момчињата, активно да учествуваат во спречувањето на сите форми на насилство коишто се опфатени со Конвенцијата.*
5. *Страните обезбедуваат дека културата, обичајот, верата, традицијата или таканаречената „чест" нема да се сметаат како оправдување за какви било акти на насилство коишто се опфатени со Конвенцијата.*
6. *Страните ги преземаат потребните мерки за промовирање програми и активности за јакнење на жените.*

10 Пресуда на ЕСЧП во случајот ПЕРИНЧЕК против ШВАЈЦАРИЈА (ГЦ), бр. 27510/08, 15/10/2015, параграф 114-115)

*Член 17 – Учество на приватниот сектор и медиумите*

1. *Страните ги поттикнуваат приватниот сектор, секторот за информатичко-комуникациска технологија и средствата за јавно информирање, со должна почит за слободата на изразување и независноста, да учествуваат во изработката и спроведувањето на политиките и да утврдат насоки и саморегулаторни стандарди за спречување на насилството врз жените и за зголемување на почитта кон нивното достоинство.*

2. *Страните развиваат и промовираат, во соработка со актерите од приватниот сектор, вештини помеѓу децата, родителите и просветните работници за тоа како да се справат со новата информатичко-комуникациска средина која дава пристап до деградирачка содржина од сексуална или насилна природа, којашто може да биде штетна.*

*Член 18*

*3. Страните се грижат дека мерките преземени во согласност со ова поглавје:*

- *се засновани врз родово разбирање на насилството врз жените и домашното насилство и се фокусираат врз човековите права и безбедноста на жртвата;*
- *се засновани врз интегриран пристап којшто го зема предвид односот меѓу жртвите, сторителите, децата и нивната поширока општествена средина;*
- *се насочени кон избегнување секундарна виктимизација;*
- *се насочени кон јакнење и економска независност на жените жртви на насилство;*
- *дозволуваат, кога тоа е соодветно, низа услуги за заштита и на поддршка на жртви да се сместени во истите простории;*
- *се третираат специфичните потреби на ранливите лица, вклучувајќи и деца-жртви, и да им се достапни.*

*Член 42 – Неприфатливо оправдување за кривични дела, вклучително на кривични дела извршени во името на таканаречената „чест“*

*1. Страните ги преземаат потребните законодавни и други мерки за да обезбедат дека во кривичните постапки кои се покренати заради извршување на секој од актите на насилство опфатени со Конвенцијата, културата, обичајот, религијата, традицијата или таканаречената „чест“ не смее да се прифати како оправдување за таквите акти. Тука особено спаѓаат тврдењата дека жртвата ги прекршила културните, верските, општествените или традиционалните норми или обичаи на соодветно однесување.*

*2. Страните ги преземаат потребните законодавни и други мерки за да обезбедат дека поттикнувањето дете да изврши кој било од актите предвидени во ставот 1 не ја намалува кривичната одговорност на лицето кое поттикнува за извршеното дело.*

*Член 34 – Демнење "Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека намерното однесување на повторено заканување насочено кон друго лице што предизвикува лицето да се плаши за својата безбедност се инкриминира."*

*Член 40 – Сексуално вознемирување "Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека секоја форма на несакано вербално, невербално или физичко однесување од сексуална природа со цел или последица повреда на достоинството на лицето, особено кога се создава застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина, е предмет на кривична или друга законска санкција."*

Препорака CM/Rec(2013)1 на Комитетот на министри за родова еднаквост и медиуми. Наменета за земјите членки и медиумските организации, Препораката вклучува насоки и предлог-активности за борба против родови стереотипи во медиумите. Прирачник за спроведување на Препораката беше објавен во 2015 година.

### 3.3.5.Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[11]

*Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ги регулира радиото и телевизијата, како и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, и го наведува следното:*

*Член 61*

*Начела*
*Радиодифузерите при вршењето на дејноста треба да ги почитуваат следниве начела:*
- *негување и развој на хуманите и моралните вредности на човекот и заштита на приватноста и достоинството на личноста,*
- *еднаквост на слободите и правата независно од полот, расата, националното, етничкото и социјалното потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба на човекот и граѓанинот,*
- *поттикнување на духот на толеранцијата, заемното почитување и разбирање меѓу индивидуите од различно етничко и културно потекло,*
- *заштита на идентитетот на жртвите на насилство,*
- *почитување на пресумпција на невиност,*
- *поттикнување на меѓународно разбирање и соработка, чувство на јавноста за правичност и за одбрана на демократските слободи,*
- *отвореност на програмите за изразување на различните култури што се составен дел на општеството,*
- *зачувување и негување на националниот идентитет, јазичната култура и домашното творештво,*
- *објективно и непристрасно прикажување на настаните со еднаков третман на различните гледишта и мислења и овозможување на слободно оформување на мислењето на публиката за одделни настани и прашања,*
- *почитување на авторското право и сродните права,*
- *почитување на тајноста на изворот на информацијата,*
- *гарантирање на правото на одговор и исправка и*
- *самостојност, независност и одговорност на уредниците, новинарите и другите автори при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика.*

11 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016, 132/2017, 168/2018, 248/2018 и 27/2019 и „Службен весник на Република Македонија бр. 42/2020 и 77/2021)

*Член 48*

*Посебни забрани*

(1) *Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа.*

(2) *Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.*

### *3.3.6.Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство*[12]

Во јануари 2021 година беше усвоен Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство како мерка предвидена со Националниот акциски план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство. Законот го третира прашањето околу улогата на медиумите во спречување и борба против РЗН во членовите 33, 34 и 37.

Ги наведува медиумите меѓу факторите што треба„да преземаат промотивни мерки за подигање на свеста за сите форми на родово-базирано насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги базирани на културата, обичаите, верата, традициите и други практики кои се засноваат на идејата за подреденост на жените и мажите“ (член 33).

За да се направи ова, законот предвидува дека медиумите треба да:

Член 34

[…]

“2) спроведуваат кампањи за препознавање на последиците од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство;

3) воспоставуваат систем за редовно објавување на информации за мерки за безбедност, совети и други корисни информации за превенција од насилство; и

4) меѓусебно соработуваат во промоција и превенција од родово базирано насилство врз жените и семејното насилство.”

Законот утврдува дека медиумите треба да ги преземат овие мерки согласно нивните можности и независната и самостојна уредувачка политика, а исто така да ги преземат и следните превентивни мерки:

---

12 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на Република Македонија бр. 24/2021)

Член 37

[…]

“1) при креирањето и емитувањето информативни и едукативни програми водат сметка за подигање на свеста кај општата јавност за сите форми на родово базирано насилство врз жени и семејно насилство, промовирање на родовата еднаквост и елиминирање на стереотипите за родовите улоги; и

2) самостојно или преку професионалните здруженија на новинари и медиумските работници воспоставуваат соработка со здруженијата за јакнење на своите капацитети за професионално известување за прашањата поврзани со насилство врз жени и семејно насилство.”

| **Општоприфатени регулаторни цели:<br>медиуми што известуваат за родово насилство врз жени** |
| --- |
| Промовирајте го почитувањето на човековите права во поглед на жените и родово насилство врз жените. |
| Борете се против насилство врз жените преку борба против стереотипи околу жените; мажите, родовите улоги и родовата вредност во општеството. родови улоги и родова вредност во општеството. |
| Не земајте учество во виктимизација и секундарна виктимизација, и воздржете се од репродуцирање на сексистички стереотипи и оние што се однесуваат на интерсекциски карактеристики како што се род и етничка припадност. |
| Применувајте критичко известување во однос на случаи на насилство и насилство како општествена појава, вклучително и институционална одговорност. |
| Обезбедете содржина што се придржува до професионалната етика и кодекси на однесување, како и начелата на правото на слобода на говорот во борбата против насилство врз жените. |
| Слободата на изразување не е еднаква со кршењето на други човекови права како што се недискриминација, достоинство, слобода од насилство. |
| Заштитувајте ги ранливите поединци, жртвите и оние што преживеале насилство, како што се малолетниците, при известувањето. |

*Табела 2: Општоприфатени регулаторни цели во медиумско известување*

# 4.Карактеристики на мониторингот

## 4.1.Вовед

*Основни сфаќања на глобалните карактеристики на медиумското известување за насилството врз жените*

Земајќи ги предвид меѓународната научна литература во период од неколку децении како и најновите национални студии на случаи од целиот свет, вклучително и Австралија и земјите од Латинска Америка и др., постојат конкретни систематски и системски проблематични прашања во медиумското покривање на насилството врз жените. Тие се претставени подолу. Со сигурност може да се каже дека иако не сите медиуми покажуваат лоши практики и дека тоа не се прави

цело време, една или повеќе од тие карактеристики може да се најдат во известувањето во одреден момент. Известувањето е понеутрално кога се работи за геополитички и културолошки далечни места. Сепак, кога една од овие карактеристики е евидентна во известувањето, тогаш е важно да се изврши подетална проверка.

| **Општоутврдени постојани практики во медиумите при известување за насилство врз жените во меѓународни и долгорочни студии** |
|---|
| Недостиг од известување околу општествениот контекст каде машките сторители се насилни кон жените и децата. |
| Продолжување на митовите, погрешните толкувања и стереотипите. |
| Припишување на вината и одговорноста на преживеаните жртви. |
| Ограничен број на „експертски" гласови, преовладуваат органи за спроведување на законот. |
| Ограничено прикажување на сензитивност и знаење околу влијанието, штетата и последиците од насилството за жртвите и заедниците. |

*Табела 3: Општоутврдени постојани лоши практики во медиумите при известување за насилство врз жените*

## 4.2.Препорака како да се пристапи во процесот на мониторинг

Постојаност, кохерентност, веродостојност и методичност се важни елементи во процесот на мониторинг. Препорачливо е лицата кои имаат задача да го вршат мониторингот и се вклучени во процесот на анализа еднаш да го прочитаат и изгледаат целосниот новинарски извештај и да фаќаат прибелешки за тонот, пораката и должината на извештајот, како и неговиот редослед во контекст на други новински извештаи. Првото „читање" го овозможува воспоставувањето на генералниот тон и пристап кон темата. Покрај тоа, поставувањето на приказната во еден редослед на мониторинг на вести/прилози може да ја установи сериозноста и почитта што ѝ се дава (пр. различна е поставеноста кога една приказна е прикажана во ударниот термин и меѓу сериозните општествени теми; тонот е различен кога приказната е проследена со друга што опишува раѓање на мали прасиња во национален парк и кога се со иста должина). Следејќи ја истата логика, утврдување на местото на известување во рамките на пошироката програмска содржина, па дури и програмата, би ја имало истата намена.

### *4.2.1. Прелиминарен преглед на сторијата*

Белешки што треба да се земат:

⇒ Должина на извештајот,

⇒ Претходна сторија: тема и должина,

⇒ Следна сторија: тема и должина,

⇒ Приказна и тема,

⇒ Кој се чини дека има гласот, кој е цитиран?

⇒ Кој останува тивок?

⇒ Кој се чини дека е заштитен: сторителот на насилството? Жртвата/преживеаното лице?

⇒ Какви слики ја придружуваат сторијата?

### *4.2.2. Генерички насочени прашања*

Следните прашања утврдуваат податоци за мониторинг што помагаат во лоцирање на поширокото контекстуално опкружување при креирањето на извештајот.

**I. Кои области на родово-засновано насилство врз жените се опишани во извештајот?**

1. Злоупотреба на жени врз основа на род и конкретни родови активности, како на пример доење,
2. Сајбер заплашување, малтретирање онлајн, говор на омраза,
3. Детски брак/ран брак/принуден брак,
4. Контролирачко однесување, вклучително и економско насилство,
5. Генитално осакатување на жените/сечење,
6. Фемицид/чедоморство,
7. Психолошко, емоционално насилство,
8. Уцена/злоупотреба на деца,
9. Сексуално вознемирување, сексуален напад, силување,
10. Кривични дела извршени во име на т.н. „чест,
11. Трговија со луѓе, криумчарење,
12. Насилство врз жени во конфликт, вооружен конфликт,
13. Насилство врз жени во избори, политичко учество, јавно учество,
14. Насилство од интимен партнер/поранешен партнер, семејно насилство/убиство,
15. Репродуктивно насилство врз жени (од страна на државата, властите, здравствените институции итн.),
16. Друго.

**II. Каков е моменталниот социополитички контекст на насилството?**

1. Јавно насилството врз жените, на пример новинарки, политичарки, јавни личности, активистки, авторки,
2. Насилство во политика, на пример избори, референдум, демонстрации,
3. Насилство во контекст на спортски настани,
4. Насилство во контекст на културни настани,
5. Насилство во контекст на криза,
6. Друго.

**III. Кои се основите за жалбата/на случајот?**

**IV. Дали може да се утврдат слични прекршувања во одреден временски период или во повеќе медиуми со иста или слична содржина?**

**V. Дали можеби постои шаблон за постапување по предметот на насилство? Дали медиумите ги поседува иста компанија или се под иста уредувачка контрола? Дали авторот/авторите е/се исти? Дали може да се идентификуваат авторите? Дали е ова сторија од типот „копирај/залепи“?**

### 4.2.3. Генерички прашања во контекст на сторијата/прилогот

Следните прашања имаат за цел да ја проценат контекстуалната информација околу извештајот и контекстуалниот тон што го пренесува.

1. Дали извештајот што опишува насилство остава некаков сомнеж дека тоа е насилен инцидент?

2. Дали извештајот е збунувачки во однос на прашањето на насилство врз жените?
3. Дали тонот што се користи за опишување на настанот на некој начин наведува на предрасуда, особено кон жртвата/преживеаното лице?
4. Дали извештајот го претставува настанот без контекстуални информации околу насилството врз жените?
5. Дали извештајот е склон кон минимизирање на опсегот и сериозноста на насилството врз жените на каков било начин, на пример преку сликите, кајронот /телопот, тонот на презентацијата и друго аудио, коментари?
6. Дали извештајот на каков било начин ги зајакнува, легитимира, нормализира или оправдува сексистичките ставови за жените и оправдува насилство?
7. Дали извештајот крши некој од професионалните стандарди?

Ако одговорот на едно или повеќе од овие прашања е „да", тогаш треба да се постават подетални прашања во однос на опсегот и природата на кршењето на медиумската етика.

### *4.2.4. Конкретни прашања за содржината на сторијата/прилогот*

I. *Во однос на жртвата/преживеаното лице*

1. Дали лицето/лицата се прикажани на каков било начин како слаби и на тој начин одговорни што не се заштитиле?
2. Дали лицето/лицата се прикажани како премногу глупави или премногу неодговорни што не се заштитиле?
3. Дали лицето/лицата се прикажани како провокативни, сугестивни, дека „си го бараат" особено на сексуален начин?
4. Дали лицето/лицата се прикажани дека стануваат жртва/преживеано лице во однос на нивната појава?
5. Дали лицето/лицата се прикажани на каков било начин дека „заслужуваат" насилство поради нивното сексуално или културолошко морално однесување, нивното минато, етничка припадност или врски?
6. Дали лицето е прикажано на обвинувачки или понижувачки начин?
7. Дали лицето е прикажано дека е одговорно на каков било начин за нападот?

II. *Приказ на насилникот/напаѓачот*

1. Дали лицето/лицата се прикажани како нестабилни?
2. Дали лицето/лицата се прикажани како „чудовишта"?
3. Дали лицето/лицата се прикажани дека биле присилени да нападнат/злоупотребат?
4. Дали лицето/лицата се прикажани дека сториле кривично дело од страст?
5. Дали лицето/лицата се прикажани дека немале избор (освен да го извршат насилното кривично дело)?
6. Дали лицето/лицата се прикажани како насилни поради нивната раса/класа/образование, односно надвор од прифатените норми?

III. *Приказ на настанот*

1. Дали е прикажан како изолиран инцидент?
2. Дали е прикажан како вонреден инцидент што се истакнува во општество во кое генерално нема насилство?

3. Дали е прикажан како кривично дело од страст/чест, израз на „љубов“ и генерално од повисок културен „морал“?
4. Дали е прикажан како „жртвување“ за „општото добро“?
5. Дали е прикажан како „лекција“ и предупредување за други жени?
6. Дали е прикажан како приватна работа?
7. Дали настанот претежно се припишува на „вонредни“ услови како што се технологија што промовира насилен говор?

### *4.2.5. Конкретни комуникациски алатки во известувањето*

I. *Јазик*

1. Дали се употребува непрецизен или неточен јазик за опишување на настанот?
2. Дали се употребуваат зборови со културолошко значење, особено со навредливо значење?
3. Дали кајронот, телопот или други текстуални помагала погрешно ја наведуваат или погрешно ја претставуваат сторијата?
4. Дали е јазикот алатка, во кој било момент, за да им служи на поставените прашања поврзани со насилникот, жртвата/преживеаното лице и настанот? Кога прашањата се сугестивни или обвинувачки кон жртвата и во духот на критериумите дадени тука, дали јазикот ги поддржува со придавки или изрази, директно или индиректно?
5. Дали јазикот повикува на осуда или оправдување на насилство врз жени?
6. Дали јазикот го прави насилството гламурозно или сензационалистичко?
7. Дали јазикот се употребува за „давање лекции“?
8. Дали јазикот создава секундарна виктимизација?
9. Дали тонот на прилогот е жесток, груб или наметлив, особено во однос на преживеаните лица?
10. Дали тонот на прилогот е жесток или манипулативен, особено во однос на малолетниците?
11. Дали е јазикот стереотипен?
12. Дали е јазикот пасивен и сугерира вина?

II. *Интервјуа со жртви/преживеани лица*

1. Дали постои кршење на протокол и на очекувана етика кога се интервјуираат деца или други ранливи поединци?
2. Дали името или лицето или други карактеристики на жртвата/преживеаното лице се јавни, или информациите во извештајот може да доведат до нивна идентификација без нивна согласност или судска дозвола?
3. Дали се користи преведувач кога е потребно?
4. Дали е интервјуиран сторителот и дали неговите ставови се прифатени и директно или индиректно се користат како оправдување за насилството? Ова исто така се постигнува ако се дозволат проблематични делови од интервјуто, а отсуствува коментар од страна на новинарот.

III. *Визуелни материјали*

1. Дали се користат неовластени визуелни снимки од жртвата/преживеаното лице?
2. Дали визуелниот материјал на жртвата се користи за претставување на жртвата/

преживеаното лице на неповолен начин и така сугерира вина? Дали сликите придонесуваат кон обвинувачки или деградирачки третман на жртвата/преживеаното лице?

3. Дали изборот на слики и нивното уредување е прецизно и дали го преставуваат настанот на точен начин и со покажување почит?
4. Дали сликите се премногу детални и вознемирувачки, а не пренесуваат информации? Дали се користат за сензационализам во сторијата?
5. Дали сликите ги инфантилизираат или обезмоќуваат жените?

IV. *Општо покривање*

1. Дали известувањето ја загрозува понатамошната безбедност на жртвата/преживеаното лице или тие што зависат од неа?
2. Дали машкиот сторител на насилство е невидлив (дали преку текст или слика) во известувањето? Ова се прави преку фокусирање на настанот (насилството) „што и се случува" на жртвата/преживеаното лице.
3. Дали известувањето е нејасно и амбивалентно во однос на динамиката, влијанието и штетата од насилството врз жените?
4. Дали известувањето ја минимизира штетата од насилството? Чести алатки се тривијализирање на насилството и тврдењата на жените, како и дехуманизација на жените.
5. Дали известувањето произведува некои аргументи или сугестии што го оправдуваат насилството врз конкретна жртва/преживеано лице и/или насилство врз жени воопшто?

## 5. Добри практики при известување

Следните забелешки служат како потсетник за Агенцијата и медиумските професионалци околу можностите што им стојат на располагање на медиумите за подобрување на известувањето за родово-засновано насилство врз жени. Тие исто така служат како контра-критериуми за посакуваниот зголемен квалитет на известување и јавна дебата. Овие елементи на добри практики може да се искористат за давање конкретни предлози до медиумите и да служат за споредба во однос на поставувањето стандарди.

Клучно е да се спомене дека добрите практики проактивно се занимаваат со митовите поврзани со РЗН. Медиумите играат посебна улога во справувањето, борбата и спречувањето на насилство врз жени кога се применуваат добри практики:

- Преку давање целосна слика за тоа што е насилство;
- Преку барање контекст за причините што водат кон РЗН и влијанието на насилството врз жените во општеството;
- Преку критичко известување за одговорноста на властите и органите задолжени за заштита на жените;
- Преку систематско разбивање на митовите поврзани со РЗН;
- Преку давање гласност на жените.

Етиката на известување за РЗН е на линија на општите глобални насоки што вклучуваат инструкции за новинарите и уредниците, како што се:

- Насилство врз жени е кршење на човековите права на жените, и како такво треба да се пријави;
- Насилството врз жените не е одвоено од прашањата на човековата безбедност;
- Ограничено изложување на сензационалистички слики или употреба на таков јазик;
- Воздржување од давање информации што водат до идентификација на лицето што преживеало насилен напад врз основа на ризик од откривање;
- Примена на посебни услови кога се бараат одговори/интервју од/со преживеаните лица;
- Некористење осудувачки говор;
- Нападот да не се класифицира во делот „црна хроника";
- Користење точен јазик/терминологија: силување, сексуален напад, сексуално вознемирување, насилство од интимен партнер;
- Известување за општествениот контекст;
- Да не се користат само правници како експерти во дискутирање за нападот, туку и други извори како на пример НВОа, научници во општествените науки, организации на жени, психолози;
- Обезбедување контекст и истрага за причините зошто е тешко за жените да избегаат од насилни средини, вклучително и тромоста и неделотворноста на институциите, стигма, немање поддршка;
- Обезбедување информации за локалните служби;
- Користење активен јазик и јасно одредување на односите, за да се покаже дека сторителите најчесто доаѓаат од блискиот круг на жените; и
- Во случаи на етничка припадност или интерсекционалност (возраст, сексуална ориентација, етничка припадност, класа) нагласете го влијанието на расизмот, лишувањето, меѓугенерациска траума и не користете стереотипи.

| **Општоприфатени принципи на добри практики во медиуми што известуваат за РЗН** |
|---|
| Известување |
| Се воздржува од оправдување, изговор, сензационализам, тривијализација или гламуризирање на каква било форма на РЗН преку јазик, визуелни или други комуникациски алатки. |
| Се воздржува од преставување на насилство врз жените како изолиран инцидент и/или сторителите како „чудовишта", нестабилна или екстремна ситуација. Дава контекст и корисни информации за преживеаните лица. |
| Го третира насилството врз жените како повреда на човеково право, прашање на човечка безбедност и прашање од демократски интерес. |
| Не ја обвинува жртвата/преживеаното лице; не прави секундарна виктимизација на преживеаните лица. |
| Сензибилизиран по прашањата на интерсекционалноста и влијание на насилството врз лицата зависни од/семејството на жртвата/преживеаното лице. |
| Обезбедува платформа за гласовите на жртвите/преживеаните лица без повредување на достоинството и почитта, преку придонес од страна на НВОа, граѓански организации. |
| Прикажува живот по насилство: примери на надеж, охрабрување и активности. |
| Се занимава со момчињата и мажите како партнери во борбата против насилството во сите фази од животот. |

*Табела 4: Општоприфатени принципи на добри практики во медиуми при известување за РЗН*

# 6. Коментари

Следните прашања се утврдени како општи предизвици во следниот период:

- Се чини дека нивото на поплаки од јавноста против онлајн медиумите е повисоко отколку она кај „конвенционалните" медиуми, односно традиционалните печатени медиуми и радиодифузери;
- Вклучување на насилството кон новинарките во рамките на концептот на РЗН е од клучно значење:
- Мора да се земе предвид улогата на средината полна со предизвици кога етички се известува за РЗН и таа мора биде на линија на бараните стандарди.

  Идните чекори може да вклучат:

- Континуирана потреба од градење капацитети и обука на комуникаторите со цел да се подобри вештото известување;
- Потреба од понатамошно подобрување на меѓусекторска соработка како клучен елемент во борбата против РЗН;
- Потреба да се обрне посебно внимание и занимавање со етничките односи и национализмот кај одредени елементи вкоренети во геополитичките аспекти на регионот и кои го поттикнуваат РЗН;
- Користење конкретен и концизен јазик и стандардизирана терминологија преку публикации и активности на властите и медиумите заради подигнување на свеста за РЗН;

Основниот пакет на препораки што се фокусира на синергијата меѓу чинителите во промовирање здрава и конструктивна национална дебата е следниот.

а. Изработка на сеопфатен пакет алатки за медиумските професионалци и медиумската индустрија, вклучително и онлајн услугите, што ќе овозможи основна обука и насоки за прикажување и известување за РЗН и за родовите улоги;

б. Развој на врски за соработка помеѓу различни професионалци кои конкретно работат на РЗН;

в. Поддршка на процесот на саморегулација и регулаторно тело во обид да се работи на РЗН преку нивните сопствени практики, улогата на родот во нивните организации и преземање на мерки за назначување на жени на раководни позиции.

г. Меѓусекторска соработка, вклучително образованието, универзитетите, оние кои се први на местото на настанот како на пример полицијата;

д. Јакнење на јавната дебата преку истакнување на најдобрите практики во форма на награди за јавна комуникација од страна на медиумската индустрија или независни медиумски професионалци за РЗН, како и оддавање признание на други субјекти и поединци за нивната улога во промовирањето на здрава дискусија околу РЗН;

ѓ. Збирка на добри практики и научени лекции, и истите да бидат достапни како алатки за континуирана едукација на јавноста и медиумите.

## 7. Поимник

Терминологијата користена во овој прирачник е во согласност со Истанбулската конвенција и особено Член 3.

*Член 3 – Дефиниции*

*За целта на Конвенцијата:*

*а “насилство врз жените“ се разбира како кршење на човековите права и форма на дискриминација врз жените и ги означува сите акти на родово засновано насилство коишто доведуваат или веројатно ќе доведат до физичка, сексуална, психичка или економска повреда или страдање на жените, вклучувајќи и закани за такви акти, изнуда или произволно лишување од слобода, без оглед дали се случуваат во јавниот или приватниот живот;*

*б “домашно насилство“ ги означува сите акти на физичко, сексуално, психичко односно економско насилство што се случуваат во рамките на семејството или домаќинството односно помеѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не;*

*в “род“ ги означува општествено конструираните улоги, однесувања, активности и атрибути што дадено општество ги смета за соодветни за жените и за мажите;*

*г “родово засновано насилство врз жените“ означува насилство насочено против жената затоа што е жена или коешто несразмерно ја погаѓа;*

*д “жртва“ е секое физичко лице кое е изложено на однесувањето наведено во а) и б) од овој член;*

*ѓ поимот “жени“ ги вклучува и девојчињата на возраст под осумнаесет години.*

## 8. Библиографија


Abbot Galvao, L (2015) Reporting on Violence against Women. A Case Study of Select News Media in Seven Countries in Latin America and the Caribbean. Inter-American Development Bank. https://publications.iadb.org/publications/english/document/Reporting-on-Violence-against-Women-A-Case-Study-of-Select-News-Media-in-Seven-Countries-in-Latin-America-and-the-Caribbean.pdf

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Водич за мониторинг на „говорот на омраза“, https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Vodic-za-monitoring-za-govorot-na-omraza-Mak.pdf

Council of Europe (2011) Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence (Istanbul Convention)

Council of Europe Recommendation CM/Rec(2013)1 of the Committee of Ministers to member States on gender equality and media (Adopted by the Committee of Ministers on 10 July 2013 at the 1176th meeting of the Ministers' Deputies)

Совет на Европа, Препорака CM/Rec(2016a) од Комитетот на Министри до земјите членки за заштита на новинарството и безбедност на новинарите и другите медиумски актери

Council of Europe (2016b) Internet Goverannce Strategy 2016-2019, Adopted at the 1252th Committee of Ministers' Deputies Meeting on 30 March 2016

Council of Europe (2016c) Strategy for the Rights of the Child (2016-2021)

Council of Europe (2016d) European Commission against Racism and Intolerance (ECRI) ECRI General Policy Recommendation No 15 on Combating Hate Speech

Council of Europe (2016e) Factsheet Combating Sexist Hate Speech, Strasbourg

Council of Europe (2016f) Seminar Combating Sexist Hate Speech, Report 10-12 February 206, Strasbourg

Council of Europe (2017) Media Regulatory Authorities and Hate Speech, Strasbourg

Frauen Stad Wien (2008) Sensible Berichtestattung zum Thema Gewalt an Frauen, https://www.wien.gv.at/menschen/frauen/pdf/sensible-berichterstattung.pdf

Geiger, Brigitte / Wolf, Birgit (2014): Geschlechtsbasierte Gewalt und die Rolle von Medien. In: Verein Autonome Österreichische Frauenhäuser (AÖF) (Hg.), Verantwortungsvolle Berichterstattung für ein gewaltfreies Leben, Anregungen zur medialen Prävention von Gewalt an Frauen und ihren Kindern, Wien. S. 8-26

Hester, M and Lilley, SJ (2014) Eds. Preventing Violence against Women: Article 12 of the Istanbul Convention. A collection of papers on the Council of Europe Convention on preventing and combating violence against women and domestic violence, Strasbourg: Council of Europe

House of Lords, House of Commons Joint Committee on Human Rights (2015) Violence against women and girls. Sixth Report of Session 2014-2015, HL Paper 106; HC 594. London: The Stationery Office Ltd

Impe, Anne-Marie (2019) Reporting on violence against women and girls: a handbook for journalists, Paris: UNESCO

Καραγιαννοπούλου, Χ., Μαράτου-Αλιπράντη, Λ., ΦερέτηΕ. , Τσέλιου, Ε. (2015) Οδηγός Καταπολέμησης των Διακρίσεων λόγω Φύλου στα ΜΜΕ, Σύνδεσμος για τα Δικαιώματα της Γυναίκας https://www.jour.auth.gr/wp-content/uploads/2021/03/odigos_final_%CE%9C%CE%9C%CE%95.pdf

Μοσχοβακου,Ν&Χατζηαντωνιου,Λ.(2018)ΟδηγόςπροςταΜέσαΜαζικήςΕπικοινωνίαςγιατηνεξάλειψη του σεξισμού και των έμφυλων διακρίσεων Αθηνα ΚΕΘΙ https://www.kethi.gr/sites/default/files/wp-content/uploads/2018/03/%CE%9F%CE%94%CE%97%CE%93%CE%9F%CE%A3_mme_publ.pdf

NGO-Koalition GREVIO Shattenbericht (2016) Oesterreichischer NGO-Schattenbericht fuer GREVIO https://www.interventionsstelle-wien.at/download/?id=GREVIO-Schattenbericht_2016_de.pdf

OSCE (2019) OSCE led survey on violence against women: North Macedonia. Well being and Safety of Women, Vienna: Austria исто така https://www.osce.org/files/f/documents/3/5/419264_1.pdf

Pernegger, M (2020) Gewalt gegen Frauen. Jahresstudie 2019. Analyse der Berichterstattung ueber Gawaltdelikte an Frauen und die Role der Medien. Losenstein: Media Affairs https://www.contentadmin.de/contentanlagen/contentdatei13591.pdf

Sarikakis, K. (2020) Technical report Workshop for the media regulatory authority and self-regulatory body for media ethics on regulation, self-regulation and monitoring of the application of

reporting standards in gender-based violence cases in the media, TP-JUFREX2-NM-14Dec2020, Council of Europe

Sutherland, G., Simons, M., and Blatchford, A. (2017) News Media and the primary prevention of violence against women and their children: emerging evidence, Insights and Lessons. Report prepared for Our Watch. Melbourne: RMIT University. https://www.5050foundation.edu.au/assets/reports/documents/Emerging-evidence-guide-media.pdf

Sutherland, G., McCormack, A., Pirkis, J., Vaughan, C., Dunne-Breen, M., Easteal, P., & Holland, K. (2016). Media representations of violence against women and their children: Final report (ANROWS Horizons, 03/2016). Sydney: ANROWS.

Tozija, F (2020) Women's safety and Gender-based violence in the Republic of North Macedonia, Front Public Health 8:33 https://www.ncbi.nlm.nih.gov/pmc/articles/PMC7047429/

Weber, A (2009) Manual on Hate Speech, Strasbourg: Council of Europe Publishing

Wolf, B. (2014) Die Macht der Bilder: Ikonographie des Leidens oder Vision eines gewaltfreien Lebens? In: Verein Autonome Österreichische Frauenhäuser (AÖF) (Hg.), Verantwortungsvolle Berichterstattung für ein gewaltfreies Leben, Anregungen zur medialen Prävention von Gewalt an Frauen und ihren Kindern, Wien. pp. 28-34

ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ

**Програмска канцеларија на Советот на Европа во Скопје**
Соравија Центар, Филип Втори Македонски бр. 3
1000 Скопје, Северна Македонија
Е-пошта: coe.skopje@coe.int

http://horizontal-facility-eu.coe.int
jp.horizontal.facility
@CoE_EU_HF

Оваа публикација е изработена со средства од заедничка програма на Европската Унија и на Советот на Европа. Ставовите што се изнесени овде нужно не ги одразуваат ставовите на која било од овие две организации.

„Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција 2019-2022" е заедничка иницијатива на Европската Унија и Советот на Европа и им овозможува на корисниците да ги спроведат реформските планови во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата, и да се усогласат со европските стандарди, вклучително, по потреба, во рамки на процесот на проширување на ЕУ. Оваа програма опфаќа проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Северна Македонија, Србија, Турција и Косово* и ја спроведува Советот на Европа од мај 2019 година.

* *Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

MKD

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа има 47 земји членки, вклучувајќи ги сите членки на Европската Унија. Сите земји членки на Советот на Европа се потписнички на Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите членки.

**www.coe.int**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги здружат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разноликост, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија е посветена на споделување на своите достигнувања и вредности со земји и народи вон своите граници.

**www.europa.eu**

Финансирано од Европската Унија и Советот на Европа

EUROPEAN UNION

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

Имплементирано од Советот на Европа